РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Бр. 0201-510/6
16-04 2015 год
ШТИП

Врз основа на член 52 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14 и 130/14), **Универзитетскиот сенат** на својата 108-та седница, одржана на 16.04.2015 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за усвојување на Листа на наставници за реализирани активности за користење на флексибилно работно време – ФРВ

### Член 1

Се усвојува Листа на наставници за реализирани активности за користење на флексибилно работно време – ФРВ за 2015 година.

### Член 2

На првите 10 (десет) наставници рангирани на листата, од реден број 1(еден) до реден број 10(десет) да им се исплати парична награда во нето износ во висина од една просечна плата во месец јануари во Р. Македонија и да им се даде право на користење на парични средства во висина од 50.000,00 денари, кои ќе послужат за покривање на трошоците за учество на семинари, конгреси, набавка на опрема, литература и сл. за потребите на научно – истражувачката работа.

### Член 3

На рангираните наставници од реден број 10(десет) до реден број 20(дваесет) да им се даде право на користење на парични средства во висина од 50.000,00 денари, кои ќе послужат за покривање на трошоците за учество на семинари, конгреси, набавка на опрема, литература и сл. за потребите на научно – истражувачката работа.

### Член 4

Составен дел на оваа одлука е Листата од член 1 на оваа одлука.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето

Претседател на Универзитетски сенат
Ректор,
Проф. д-р Саша Митрев

**Изработил:** референт во секретаријатот
Славица Јанева

**Одобрил:** Генерален секретар
м-р Ристо Костуранов